УДК. 246.3.025.2(497.762)

Невенка ВЕЛИЧКОВСКА

# НЕКОИ СОГЛЕДУВАЊА НА ПРИЧИНИТЕЛИТЕ ЗА ЛОШАТА СОСТОЈБАТА НА ДВЕ ИКОНИ ОД РАЈЧИЦА



*Сл. 1. Богородица Несвенлива роза со пророци (XVIII в.), детал*
*Fig.1. The Holy Virgin Unfading Rose with Prophets (18th century), detail*

На двете престолни икони *Богородица Несвенлива роза со пророци* и *Исус Христос Велики архиереј со апостоли во лоза,* коишто потекнуваат од с. Рајчица, е воочен висок степен на загрозеност на сликаниот слој и на дрвениот носач. Ваквата состојба е резултат на низа деструктивни причинители, вклучувајќи ја и негрижата на човекот, како главен фактор за пропаѓањето на уметничките вредности воопшто.

Констатирано е дека големиот процент на атмосферската влага и нејзиното директно влијание врз иконите предизвикале состојба крајно неповолна за нивниот опстанок. Подлогата и боениот слој биле изложени на директно влажнење, а потоа и на нагло сушење, со што е предизвикана состојба што се манифестира со губење на врската со носачот. Одделните делови од сликаниот слој на иконата набабреле, се збрчкале, напукнале и отпаднале, при што се создадени трајни деформации во структурата на сликаната површина.

Слабиот довод на свеж воздух дополнително создал погодна подлога за појава и развој на микроорганизми и мувла. Гниењето, како последователна појава на црвојадината, е воочливо особено на аглите, рабовите и попречните греди/кушаци од дрвените носачи на иконите.

По наглите промени на температура и влагата својата транспарентност и функција почнале да ја губат и заштитните слоеви. Дошло до нивното пукање, набабрување и наместа отпаѓање. На површината од веќе деградираните лакови се наталожиле нечистотии од чад, прашина, мрснотии и восочни капавици.

Оштетувањата можеле да бидат помали, доколку при нивното создавање мајсторот водел сметка за техничките предиспозиции. Имено, првите механички оштетувања се предизвикани со забивањето метални клинови врз лицето





*Сл. 2. Раздробен, отпаднат и одвоен сликан слој од носачот на иконата на Богородица, детаљ*
*Fig.2.The painted layer crushed, fallen, and separated from the wooden support, icon of H. Virgin, detail*

*Сл. 3. Презасушен и набрчкан сликан слој на иконата на Богородица, детаљ*
*Fig.3. Overdried and wrinkled painted layer, icon of H.Virgin, detail*




*Сл. 4. Отпаднат/уништен сликан слој до нивото на носачот на иконата на Христос, детаљ*
*Fig. 4. The fallen/destroyed painted layer on the level of the wooden support, icon of Jesus Christ, detail*



*Сл. 5. Рабни лајсни од другородно дрво во процес на распаѓање,*
*со претходно отпаднат сликан слој на иконата на Христос, детаљ*
*Fig. 5. Wooden rims of the panel in phase of disintegration,*
*the previously fallen painted layer, icon of Jesus Christ, detail*

на иконите. Појдовни точки на пукнатините врз дрвото се токму тие места. При подготовката на иконите за сликање, подлогите им се поставувани непосредно врз дрвените носачи, без употреба на арматура/платно. Преголемата концентрација на врзиво во грундот, довело до создавање пукнатини, особено врз трагите од врежаните цртежи на подлогите. Поради присуството на зголемениот процент на туткално врзиво во грундот, подлогите од боениот слој наместа се збрчкале и оформиле еден вид гребени на сликаната површина, образувајки ситни клакелури/пукнатини. Истовремено, клиновите што ги држат попречните греди и лајсните од коишто се формирани ковчежињата, директно ја допираат подлогата со боениот слој од предната страна и се главни причинители за отпаѓање на иконописот.

Со конзерваторските истражувања на двете престолни икони од Рајчица, освен сознанијата за причинителите и последиците на негативните појави на иконите, дефинирани се конзерваторските зафати со што оштетувањата ќе бидат санирани и реставрирани, водејќи сметка за запазување на автентичниот изглед на зачуваниот живопис. Прашањето за ретушот тука е сведен на потребна мерка, со која се обезбедува интегрирањето на сликаната површина во една целина.

Nevenka VELIČKOVSKA

# OBSERVATIONS REGARDING THE CAUSES FOR THE BAD CONDITION OF THE TWO ICONS FROM RAJCHICA

Summary

The paper delivers observations regarding the causes for the bad state
of the two despotic icons *The Holy Virgin Unfading Rose with Prophets* and *Jesus Christ High Priest with Apostles in a Vine* from the village of Rajchica.

The observed high level of threat on the painted layer and the wooden support were results of several destructive sources, among them main factor is human neglect and in general this is the main reason for the devastation of artistic values.

The colored layer ground was subjected to direct moisture, and later to fast drying, resulting in its detachment from the wooden support. Some segments, were wrinkled, cracked or had have fallen off, thus creating a permanent deformation of the painted layer. Additionally the lacks of fresh air produced and prompt the development of micro-organisms and mold.

As result of the drastic changes in temperature and humidity the protective coats lost their transparency and function. The already decaying varnishes on the surfaces were also embedded with dirt, dust, grease, and drips of candle wax.

The first mechanical damage appeared after the nailing of metal pins on the face of the icons. Without previous fastening of canvas the grounds were laid directly on the wooden boards. On the painted area the large concentration of adhesive in the gesso resulted in wrinkles, blisters and cracks.

The research work for these icons has defined the conservation-restoration methods and has given a priority in preserving their authentic painting look.